Трајан ПАНЕВ

**УДК: 327.36.001.73**

# ГЕОПОЛИТИЧКАТА – ОСНОВА ЗА РАЗБИРАЊЕ НА ПОЛИТИЧКИТЕ И НА СТРАТЕШКИТЕ ОДНОСИ ВО СОВРЕМЕНИОТ СВЕТ

## Вовед

Современиот свет, на почетокот од 90-тите години, се соочи со тектонски геополитички и меѓународни „потреси". На тој план, последиците од завршувањето на т.н. „студена војна" за човештвото се далекосежни отколку што беа двете светски војни. Само како илустрација да напоменеме дека, кон крајот на 1990 година, во Европа, имаше 34 држави, додека денес има 53 држави, со можност за создавање нови. Сето тоа бара нови промислувања за светот во кој живееме и за односите кои владеат во него, нови согледувања на глобалните и на т.н. трансисториски мегафактори, односно новите феномени кои ги одредуваат нашите животи. Во тој контекст, потребно е да се укаже и на новите проекции за глобалните трендови со кои ќе се соочиме светот и ние во иднина, предвидувајќи го она што нè очекува, бидејќи станува збор за процеси кои се одвиваат во планетарни размери, во насока на сеопшто престројување на геостратегиските сили, на општествените форми на живот, на стопанските субјекти и на културните обрасци.

Не напуштајќи го мултифакторскиот пристап во проучувањето на процесите и основните тенденции на меѓународните движења и, на таа основа, осознавањето на современата стварност, како најприкладен и најисправен начин, ќе се задржиме на еден од позаборавените фактори на кој, во современата фаза на проучување на меѓународните односи, му се придава значајно место, а сè поголем број на автори, првенствено од Запад, но и пошироко во светот, го земаат како една од главните варијабли на меѓународниот политички живот, врз чија основа е возможно теоретски, но и на практичен план, денес да се анализираат, да се антиципираат и да се разберат меѓународните политички односи. Имено, станува збор за геополитиката како фактор, односно за геополитичките студии кои се бават со проекции на настаните и, условно кажано, антиципациите на случувањата во светот.(1)

Општо познат е фактот дека во политичката наука и практика, како единствена и сеопфатна наука, по завршувањето на Втората светска војна и по поразот на Германија и на нејзините државни доктрини, од страна на голем број автори, геополитичкиот начин на мислење и поглед на светот и на односите во него беше потиснат, односно областа на сознанието кое тој со термин (геополитичката) се означуваше, му се одрекуваше секаква научна втемеленост. Меѓутоа, современата стварност, односно коренитите промени во современиот свет кои настанаа како последица од распаѓањето на социјалистичките општества и на државните системи и поразот на комунистичката идеологија, придонесоа да порасне популарноста на оваа наука на крајот од XX-от и почетокот на XXI-от век. Дека е тоа така укажува појавата на голем број автори и книги во кои се проблематизираат геополитичките содржини а кои би можеле да ги именуваме како слика или како суштина на светот на крајот од овој век, посматрана од геополитички аспект. Како илустрација, можеме да ги наведеме книгите на Пол Кенеди: „Подемот и падот на големите сили" и „Подготовки за наредниот век", на С. Хантинхтон, „Судирот на цивилизациите", на И. Рамоне, „Геополитика на хаосот", на М. Петковиќ, „Гополитичките паралели на прагот на XXI-от век" и, особено книгата на американскиот геополитичар и империјалист, З. Бжежински „Големата шаховка табла – Америка и останатиот свет".

Во сите овие геополитички студии се анализира географскиот фактор, но не сфатен само како фактор на природната средина, бидејќи значењето на географските детерминизам претставува минато, туку на географскиот фактор во кој се истакнуваат неговата поврзаност, влијанието и меѓузависноста со политичките и со економските феномени. Ваквиот комплексен начин на посматрање на современата стварност, заснован на интеракцијата на природните и на општествените феномени со кои се занимаваат политичката географија, геополитиката (особено) и со неа поврзаната геостратегија (акција, односно дејствија кои ги применува државата или треба да ги примени заради остварување на геополитичките цели), е битен за сфаќањето на просторните односи, на политичките и стратешките состојби и односи, нивните последици и значењето и претставува еден од поважните елементи за разбирање на сè послoжениот и сè повеќе поврзаниот глобален живот на современиот свет денес.

## 1. Геополитиката и антиципацијата на настаните и нивниот тек

Анализата на светската историја укажува дека геополитичките погледи, размисли и идеи, во одредена смисла, им претходеле на значајните настани на XX-от век во Европа, но и пошироко во светот (избувнувањето на двете светски војни и постулирањето на расната теорија на доминација). Со геополитички погледи и дејствија на државите се објаснува и, во исто време, се оправдува германската експанзионистичка политика во Европа и во светот, односно империјалистичките аспирации на Јапонија во Азија и италијанскиот фашизам во Африка и на Балканот. Двете светски војни, па и поголем дел од денешните настани кои се одвиваат пред наши очи, се објаснуваат и се оправдуваат со геополитички проекции, со теориите на животниот простор и со заштитата на националните интереси.

Ако се анализираат идеите, политичкиот настап и доктринарните поставки на САД по изградбата на Панамскиот Канал(2), а особено од оздавањето на Северноатлантскиот пакт – НАТО, во 1949 година, може да се види дека многу правила кои ги поставиле светските геополитички мислители на почетокот на XX-от век, како што се Макиндер(3), Хаусховер(4), и др. многу се почитуваат и денес. Како илустрација, прво можеме да ги наведеме идеите и сфаќањата на Макиндер за глобално-стратешките концепции изложени уште 1904 година, во статијата „Географски стожер на историјата", доразработени во 1918 година, во книгата под наслов „Демократски идеали и реалност". Во овие свои дела, истакнувајќи го значењето на моќта, создадена врз основа на контрола и владеење на копнениот дел на планетава (ситуиран на просторот на Евроазија) и предвидените правци за освојување на евроазиските континентални маси, но и на целиот свет, Макиндер битно влијаел на германската геополитичка школа. Благодарение на неговите три прочуени тези, поставени во 1919 година, каде Макиндер смета дека: **прво**, кој владее со Источна Европа, владее и со срцето на земјата (Хеартланд), **второ**, кој владее со Хеартландот, владее и со т.н. светски остров(5) и **трето**, кој владе со светскиот остров владее и со целиот свет, воспоставени се основите на германската надворешнополитичка програма по Првата светска војна. Во овој миг, не е потребно посебно да се потсетуваме дека почетокот на германските освојувања бил токму во

согласност со првата Мекиндерова теза. На иста линија, пред Втората светска војна, се и размислувањата на Германецот Хаусховер. Имено, и за Хаусховер, основата на неговата релација, геополитичка теорија ја чини идејата за просторна поврзаност на Германија – СССР (Русија) – Јапонија, односно контролата – владеењето на евроазиските маси, како цел од витално значење и од национален интерес за Германија. Оттаму, за меѓународните односи, од исклучителна важност на практичната геополитичка импликација во реалниот политички живот е фактот што основите на овие Макиндерови и Хаусховерови сфаќања важат и денес. На овие основи се врши засилена геополитичка композиција на планетата. Идеите за значењето на Хеартландот (срцето на земјата), односно контрола на Евроазија, а преку неа и контрола на светот, се прифатени и во современата геостратегиска концепција на САД, изразена низ стремежот за создавање на „нов светски поредок“.

За многу британски и американски геополитичари (особено) просторните односи (односот на копното и морето), кога станува збор за светската хегемонија или глобална стратегија, имаат решавачко значење за нивниот развој и за моќта. Во таа насока се и заложбите и на Џорџ Кенан во 80-тите години од минатиот век, изразени низ неколку заклучоци.[(6)] Во тие заклучоци се подвлекува особено следното:

- во мир, владејачката гарнитура треба да се придржува на истите принципи во зачувувањето и во обезбедувањето на преживување на државата, како во услови на војна;
- ако е војната глобална, и мирот треба да биде глобален. Меѓутоа, секогаш ќе постојат запаливи зони на географски осетливите подрачја во кои центрите на моќта, а посебно САД, мораат да интервенираат;
- сите досегашни војни покажале дека победата се придобива на копно. Ниту морнарицата, ниту воздухопловството не можат да интервенираат без потпирање на базите на земја, односно, ако се сака победа, мораат да се уништат копнените потпори на противничката страна. Заради тоа, неопходно е да се располага со јаки повеќенаменски копнени сили кои ќе бидат во состојба да ја наметнат политичката волја на своето политичко раководство над кој било противник;

- целта на САД е да се постигне рамнотежа на евроазикиот континент меѓу европските сили. Заради тоа, сила која просторно би ги опфаќала поголемите делови на Европа и Азија, едноставно не е прифатлива за САД.

Очигледно е дека од настанувањето на наведените заклучоци (период 1981–1983) до денес (2005 година), голем дел од нив е реализиран. Остварувањето на овие стратегиски заклучоци се извршени во мошне краток период, и покрај тоа што постоеја ограничувачки фактори, како што беа нуклеарното и космичкото оружје. САД требаше само некако да ја завршат Студената војна во своја полза, повторно да ја обединат Германија, да предизвикаат, на неколку места и региони, кризи и локални војни и да ја наметнат својата хегемонија во светот. Има дури и мислења дека, за САД, ниедна европска држава не би требало да биде поголема од Холандија (42.000 км$^2$), бидејќи само така европскиот комплекс ќе може успешно да се контролира преку разни организации од мултинационален карактер или со влијанието на меѓународниот капитал.[7] Во исто време, користејќи ги геополитичките идеи и разните форми и видови на однесување, односно промовирајќи ја доктрината на судир со низок интензитет[8], САД смислија и применија начин за најбезболно придобивање на глобалната моќ и за контрола над целиот свет, со користење на слабостите и на тешкотиите на другите. Ваквиот тренд на користење на геополитиката за реализација на економските интереси, преку достигнување на политичките цели, продолжува и денес, на почетокот на новиот милениум.

## 2. Геополитиката – основа на одлучувањето на светско ниво

Новите карактеристики и тенденции во развојот на современите меѓународни односи, настанати како резултат на суштинските промени и поместувања на тлото на Источна Европа, по 1989 година, имаат значење на радикално нови детерминанти за целиот систем на меѓународни односи во Европа и во светот, во постблоковскиот период.[9] Сите овие промени и политички поместувања што извршија нова геополитичка и геостратегиска декомпозиција на Европа и на светот објективно придонесоа главните актери и фактори на односите во светот, односно САД, да размислуваат за контрола на светот нудејќи притоа политички проекти

за уредување на системот на основните вредности на идните меѓународни односи, изразени низ синтагмата „нов светски поредок“.

Во остварувањето на вака проектираната цел – „новиот светски поредок“, САД, како и Германија во Втората светска војна, ја користи стратегијата на регионални доверители[10], „држави лоцирани во значајни геополитички региони“ во геополитичкото прекројување на светот, односно контрола на базата - останатите периферни и полупериферни општества. Повеќедецениските проекции и начин на однесување на САД укажуваат на фактот дека секогаш кога за нив ќе настанале поволни воено – политички услови, тие ја користеле геополитиката, како средство за остварување на своите стратегиски цели. Геополитиката, како таква, секогаш ѝ сигнализирала на американската држава, или сојуз на држави, на чие чело стоела, каков и кој правец треба да заземе политиката во однос на еден простор, регион, држава, па и континент. Тој правец, односно сугестијата која ја давала политиката, зависеле од иманентните карактеристики на просторот и од значењето кое му го давале релевантните заинтересирани и инволвирани страни. Во конкретниот случај, за пример да го земеме Балканот. Ако се анализираат состојбите на балканскиот потконтинент од аспект на вреднување на тој простор, како стратегиски простор од страна на главните центри на моќта, особено на САД, кои решавачки влијаат на европската а, во тие рамки, и на балканската политичка и на воено-политичка архитектура, може да се уочи дека просторот на Косово и Метохија (особено), заедно со просторот на Р. Македонија и на јужното поморавје, се простори кои се наоѓаат во самиот географски, па и геостратегиски епицентар на Балканот. Оттаму, овој простор има непроценливо геополитичко и геостратегиско значење за креаторите на новиот светски поредок бидејќи, со контролата на ова геополитичко јадро, не само што се контролира Балканот туку, преку него, се дава можност за контрола и на црноморскиот и од каспискиот регион.[11] Имено, САД, преку проширувањето на НАТО-пактот, со приемот на Бугарија и на Романија во неговите структури, имаат намера да го прошират базирањето на своите воени сили, од Косово и Метохија и од Р. Македонија, кон овие простори бидејќи не им беше доволно да се контролира јужниот Балкан, а уште помалку да се создаде штица за отскок за натамошна екс-

панзија кон Црното и кон Каспиското Море. Со контролата на овој постор, САД сакаат да постигнат неколку добро синхронизирани цели: **прво**, држејќи го отворено косовското прашање, се стреми да се контролира Србија, како традиционален посредник на руските интереси; **второ**, да се зајакне антирускиот фронт на Балканот и да се создаде на одреден контрабаланс на експанзионизмот на Германија и на исламот на овие простори и, **трето**, да се контролира целиот Балкан и, со таа контрола да се обезбеди поврзување на регионот во кој веќе се наоѓаат воените сили на НАТО и на САД (Босна и Херцеговина, Албанија, Македонија и Косово и Метохија), а потоа, со остварувањето на целосна доминација во Бугарија и во Романија, со нивниот прием во НАТО, Партнерството за мир со Молдавија и најновото приближување на Украина кон САД и кон Запад, проектирајќи го, на тој начин, геополитичкиот правец кон Црното и кон Каспиското Море – регион од извонредно стратегиско значење за САД и за неговите западни сојузници.

Тежиштето на создавањето на „новиот светски поредок" се пренесува во регионот на Средна Азија, на Заткавказиетo и на Блискиот и Средниот Исток. Имено, со исчезнувањето на СССР како голема сила и со создавањето на 14 нови држави, настанаа огромни последици по односите во современиот свет. Сега во преден план избива прашањето на „советското наследство", и тоа во регионите на централна Азија и во областа на Кавказ, област која се наоѓа на средната линија на големата цивилизациска поделба помеѓу исламот и другите религии – област која се протега од Балканот до Кина. Западните стручњаци често наведуваат дека во изминатите два века Русија, односно СССР успеал да ја зацврсти својата доминација во тој дел на азискиот континент, прво, низ судирот со Англичаните (кои ги штителе своите колонии во Индија), а потоа и со Американците (кои се бореле против ширењето на комунизмот). Таа Пандорина кутија повторно е отворена со распаѓањето на СССР и со повлекувањето на неговите воени сили, во 1989 година. Со создавањето на осумте независни држави во Заткавказиетo (Киргизија, Туркменистан, Казахстан, Узбекистан и Таџикистан, во Средна Азија, како и Азејберџан, Ерменија и Грузија, во Заткавказиетo), започна и борбата за влијание и за нова прераспределба на моќта и на интересите во тој дел на светот, од американските геополитичари означен со името Хеартланд

(срцето на земјата) – дел кој повторно стана клучен, за глобалните прашања поврзани со широките процеси во Европа, во Азија и на Блискиот Исток.

Со присуството на САД во Авганистан и со контролата на каспискиот регион, загрозени се интересите не само на Руската Федерација туку и на Иран кој, на овој дел на светот, како претежно муслиманка земја, сака да создаде „персиска културна заедница" од муслиманските држави настанати со распаѓањето на СССР преку организацијата за економска соработка (ЕСО), создадена во далечната 1965 година, а повторно реафирмирана во 1995 година на состанокот во Техеран, чии првични членови се Иран, Пакистан и Турција. Со ваквиот тек на настаните, целосно се оствarija прогнозите на иранскиот претседател Рафсанџани кој, кон крајот на 1992 година, изјави дека Запад, предводен од САД, веднаш штом ќе завршат со Источна Европа и со бившиот СССР и Балканот, тежиштето на своите акции ќе ги насочат на тој дел од светот. Терористичките напади на Ал Каеда на Њујорк и Вашингтон, за кој, САД го обинил Талибанскиот режим на Авганистан, кој наводно и дал прибежиште на Ал Каеда, беа искористени како причина за воена акција и за окупација на земјата, а потоа, со своето воено присуство во оваа земја, и за контрола на каспискиот регион. Во тоа време, но и нешто порано, стручњаците за меѓународни односи, навестувајќи ги наредните проекции и акции на главните центри на моќта во светот, укажаа дека на Запад, а особено во САД, сè повеќе со одредена цел се пласира убедувањето дека треба да се подготват за борба со исламскиот фундаментализам (сметајќи го за главен непријател) кој веќе го зазел местото кое претходно го имал комунизмот а кој, всушност, како што покажаа настаните покасно, претставуваше пречка на патот за воспоставување на нов светски поредок. Во таа смисла, на конференцијата на високите функционери на НАТО, која во февруари 1992 година се одржа во Минхен, особено беа воочливи предупредувањата за „наводно" се поголемата опасност од исламскиот фундаментализам, кој изгледа, ја заменува комунистичката опасност. На ваквите оценки се надоврзува и американскиот професор Амос Перлмутер кој, во „Вашинтонг пост" изјавува дека „исламскиот фундаментализам е агресивно, револуционерно движење кое, исто така, е милитантно и насилнички настроено како и болшевизмот, фашистичките или националистичките движења во минатото".[(12)]

Многу аналитичари на меѓународните односи, а не само Равсанџани, проценуваа, а тоа и се оствари, дека Западот, предводен од САД, своите геополитички и геостратегиски интереси приоритетно ќе ги насочат кон централна Азија, односно на потегот Казахстан – Кашаган кон Авганистан, а потоа кон Пакистан и Индискиот Океан и кон зоната на Арабискиот Залив. За американските неохегемонистички стремежи, контролата на централна Азија е од извонредно значење бидејќи нуди големи можности. Имено, ова е огромно парче земја, четири пати поголемо од Франција, кое почнува кај Каспиското Море и се протега сè до Кина. Подрачјето изобилува со огромно рудно богатство (злато и други минерали, резерви на гас и нафта чие претпоставено количество секоја недела станува се поголемо – Узбекистан, Казахстан, Туркменистан, Киргистан и Таџихистан). За ова подрачје се заинтересирани многу држави (Русија, Иран, Турција и, секако, како најсилен играч, САД со своите западни сојузници). Како што стојат работите сега, Русија доминира во извозот на гас и на нафта од оваа област кои, во надворешниот свет, пристигнуваат преку гасоводите и нафтоводите. Меѓутоа, алтернативните доводи за нафта и за гас на водечките светски компании, кои се лоцирани во САД, се планираат на релацијата Запад – Исток, а можно е и кон југ, доколку Авганистан би станал побезбеден. Додека источните нафтоводи и гасоводи се наменети за Кина и за Јапонија. Во тој случај, Запад, а пред сè САД, би можеле да ја користат целата нафта од централна Азија, а досегашниот извозник на нафта и на гас од овие подрачја (Русија) да нема можност да го спречи тоа.

Сето ова укажува на фактот дека геополитиката и во новиот милениум претставува основна варијабла на американската надворешна политика – политика на проширување на националните и на државните интереси на САД, на глобален план. Дека е тоа така укажуваат мошне отворено ставовите и заложбите на еден од најпочитуваните и најценетите американски надворешнополитички експерти и познавачи на распоредот на силите на глобален план, Збигнев Бжежински. Според него, главната нуклеарна сила – Америка ги контролира сите океани и држи воени сили во Азија, како и во Европа и во Персискиот Залив. За да се обезбеди американката економија која е двигател на светскиот подем, значителните предности на технологијата и информациите, како и амери-

канската култура и начинот на живот во светот (нејзините филмови и телевизиски програми), со еден збор, американскиот хегемонизам во светот,[13] САД, според Бжежински мораат да го контролираат евроазискиот континент. Тој, во својата книга, објавена во 1998 година, под наслов „Големата шаховска табла – Америка и останатиот свет“, образлагајќи ја американската геополитичка концепција на прагот на XX век, покрај другото, вели: „Ако Америка сака да го контролира светот (а таков стремеж постои) ќе мора да го контролира центарот на планетата – евроазискиот континент, затоа што Евроазија, односно, како што вели тој, големиот ансамбл Европа–Русија–Азија, се наоѓа во центарот на светот, а кој го контролира овој континент, тој ја контролира планетата. Евроазија, подвлекува Бжежински, отсекогаш е шаховска табла врз која се одигрувала битката за светска превласт. Ние, Американците, вели Бжежински, мораме да придонесеме да се стави крај на руските амбиции – повторно да постанат голема империја оневозможувајќи секаква авантура, односно секаква претензија на Русија кон другите земји а, пред сè, кон нејзините поранешни сателити. Токму заради тоа, заклучува Бжежински, НАТО-алијансата – силна и незадржлива, е единствената гаранција која ќе им овозможи да се воспостават стабилни односи кои ќе и овозможат на САД да влијаат и на овие подрачја и затоа треба да се прошири во сите земји на Централна Европа, вклучувајќи ги тука и балтичките земји. За остварување на влијание на овие подрачја, Бжежински предлага САД политички да ги поддржат и финансиски да ги помогнат поранешните советски републики како на пример Украина.[14] Дека евроазискиот континент е од приоритетно стратегиско значење за САД укажуваат и најновите заложби на Пентагон за префрлање на американските воени бази од Западна Европа и за прераспоредување кон Исток, поточно да бидат префрлени во Полска, Романија и Бугарија.[15]

На крајот од своите геополитички и геостратегиски елаборации и проекции, Бжежински заклучува, дека „евроазискиот Балкан“ (централна Азија и Кавказ) би требало да биде приоритетна зона на американската геостратегиска политика, и тоа поради две тесно поврзани причини: од една страна, овој регион крие гигантски лежишта на гас и нафта, а светската потрошувачка на енергија се зголемува на исклучителен начин; а од друга страна, овој „евроазиски Балкан“ може да стане извор на голема нестабилност, дури

и на хаос, ако регионалните сили (Русија, но исто така и Иран и Турција) се судрат поради нивната контрола. Оттаму, за да се ублажат овие конфликти и да се спречи една од овие земји да ја преземе контролата над регионот, САД треба масовно да интервенираат, и тоа така што ќе ги помагаат клучните земји (Казахстан, Азејберџан и Узбекистан). На крајот, анализирајќи ги геополитичките и геостратегиските опсервациии и проекции на Бжежински и, во тој контекст, американското однесување во светот, можеме да заклучиме дека контролата на светот се остварува првенствено заради обезбедување политичка доминација и контрола на глобалните природни ресурси од страна на САД и на неколку други светски водечки сили. Во прашање се значајни заеднички економски и политички интереси било да станува збор за обезбедување на неопходните количини суровини и енергија што значат живот (нафта, гас, вода), контрола над значајни геополитички региони преку кои ќе го контролираат светот заради контрола на клучните сообраќајни артерии, освојување на нови пазари, ефикасно наплатување на долговите, казнување на непослушните мали и слаби земји, сето тоа во остварување на процесот на глобализација, односно на процес и сила преку кои го обликуваат современиот свет и односите во него. Врз основа на горекажаното, можеме да констатираме дека политичката географија, геополитиката и геостратегијата можат битно да придонесат не само за разбирање на еволутивните процеси туку и на современата стварност и на трендовите на меѓународните прилики и односи бидејќи тие ги добиваат својата најпотполна смисла и значење ја добиваат кога соработуваат со другите дисциплини, а посебно со меѓународните економски и со меѓународните политички односи. Всушност, инсистирањето на економско-геополитичкиот и на политичкиот комплекс не претставува само најдобра основа за сфаќање на современата стварност туку за претставува и самата нејзина суштина, односно самата стварност, како таква. Таа првенствено е дефинирана со материјалната основа, со просторните и со географските компоненти и со определените односи меѓу нив. Ако пак се земе предвид и фактот дека сите тие аспекти имаат и историски димензии, тогаш и не е можно тие содржини да се изоставаат во осознавањето на современата стварност и на процесите и тенденциите во неа.

### 3. Топономастиката и нејзините геополитички импликации

Дека од геополитичкиот начин на мислење и дејствување не се имуни и релативно малите меѓународни субјекти, укажуваат однесувањата на одредени држави, но и политички субјекти на Балканот. Во остварувањето на нивните политички и геополитички цели и интереси, тие како средство на долги патеки, ја користат топономастиката. Општо земено, политичката стварност покажува дека географските имиња можат да содржат и одредени негативни импликации во случај кога, истите, не ја одразуваат постојните социјална и географска стварност онаква каква што таа произлегува од самата себе, туку од гледањата и сфаќањата на организирани општествени заедници однадвор, но и различни политички субјекти одвнатре кои, применувајќи разни дипломатски, политички, социјални, демографски и други мерки и активности, сакаат да го променат нивниот карактер и значење. Геополитичката импликација на топономастиката, на практичен план многу јасно е видлива од однесувањето на Грција по однос на македонското прашање. Во еден долг временски период, Грција, водена од идејата за еднонационална држава, систематски и мошне настојчиво ги замени македонските географски имиња на села на градови и на реки со грчки имиња во егејскиот дел на Македонија, а по создавањето на независна македонска држава, упорно го негира нејзиното уставно име. Овој наш сосед, дефинирајќи ја Република Македонија само како географски поим, а не и како име на една држава и на народ, всушност, имплицира став и сфаќање кои сака да им ги наметне и на меѓународните фактори а, преку нив, и нам, дека, историски гледано, името Македонија ѝ припаѓа на Грција, а не на македонскиот народ и на државата. На сите непристрасни аналитичари и историчари им е познато дека сегашната област Македонија, во Грција, всушност претставува дел од етничка Македонија која, со поделбата на Македонија во 1913 година, е откината од етничкиот простор на Македонија и припоена кон Грција. Токму од тие причини, Република Македонија, во наметнатиот спор за името од страна на Грција, не смее да дозволи да се менува уставното име бидејќи адекватната употреба на географското име Македонија за име на државата не само што претставува битна компонента за дефинирање на социјалната и на просторната стварност, во историска

смисла, туку е и еден од најдлабоките изрази за зачувување на националното и на државното битие на македонскиот народ во иднина.

Најдрастичен пример на негативна геополитичка импликација која, во последно време, инклинира и кон своја практична материјализација во реалниот политички живот, со несогледливи последици по целиот регион на Југоисточна Европа а, во тие рамки, посебно по нашата држава е (зло)употребата на топонимот Косово. Имено, водени од идејата за голема Албанија, во еден подолг временски период, албанските националисти и сепаратисти од оваа српска покраина, но и пошироко, употребувајќи го топонимот Косово, а не Косово и Метохија, топоним кој историски, географски, па и социјално е исправен, успеаја на еден систематски и настојчив начин, прво, да создадат свест кај албанската популација за етничка посебност на оваа покраина во однос на Србија и на Србите, потоа да ја променат демографската и социјално-географската стварност на покраината, а сега, преку стремежот за создавање независно Косово, со употреба на вооружена сила и потпомогнати од некои сили во меѓународната заедница, се обидуваат да остварат и директна политичка и територијална контрола врз неа а со тоа, и создавање на можност за натамошно проширување на големодржавните албански интереси на овие простори.

Геополитичката импликација на топономастиката со неповолни ефекти по македонската држава и на народот многу јасно е видлива и во употребата на топонимот на т.н. Западна Македонија, топоним кој посебно е експлоатиран од страна на албанскиот фактор во Македонија, но и пошироко.(16) Во одредена смисла, со овој топоним употрбуван и од некои наши луѓе кои, ненамерно, не сфаќајќи или не знаејќи, му одат во прилог на албанскиот начин на гледање и на сфаќање, оптоварено од албанскиот национализам и сепаратизам чие историско извориште е големоалбанската идеја. Како и во случајот со Косово и Метохија, така и со западниот дел на нашата држава, албанскиот фактор применува разни политички, социјални, демографски, психолошки и други мерки и активности со кои сака да го промени карактерот и значењето на западниот дел на нашата држава и истиот, во целост, да го албанизира. Секако, како главна мерка за остварување на оваа цел, се користи демографската војна која се водеше и се води како на Косово и Метохија така и во западниот дел на Македонија. Изгу-

бените демографски битки се идентични и за Србите и за Македонците. Демографите и социолозите би можеле точно да ги утврдат годините кога Србите на Косово и Метохија или Македонците во западниот дел на државата доживеаја демографски пораз, а сето друго што произлезе подоцна од нарушениот демографски баланс, на некој начин, е последица од долгогодишната кратковидост и на Србите и на Македонците. Да се држи територија без население е невозможно.(17) Негативна геополитичка импликација содржат и топонимите: Балкански Полуостров, Северен Епир, Јужна Србија, Бивша Југословенска Република Македонија, Северен, Среден, Јужен, Западен и Источен Балкан, Херцег Босна, Република Српска и сл.

Покрај овие неколку наведени примери кои се однесуваат на Република Македонија и на државите од нејзиното поблиско окружување, корисно е ѝ да се укаже и на некои слични кои се однесуваат на пошироки регионални и глобални рамки, како што се поимите: Блиски, Среден и Далечен Исток, евроазиски Балкан (централна Азија и Кавказ), Заткавказие, Евроазија, кои се резултат на европскиот начин на гледање на колонијалните амбиции од минатото чие извориште беше Европа, а по Втората светска војна, а особено денес, и САД, како ново жариште на светската моќ.

(Рецензент: *проф. д-р Ванче Стојчев*)

## БЕЛЕШКИ

1. Кога станува збор за настаните во современиот свет и нашата анализа на тие настани, мора да се укаже на фактот дека во нашата научна литературе се чуствува недостиг од геополитички студии. Сето ова се должи на сознанието дека геополитиката долго време била занемарувана и потиснувана, за разлика, на пример, од постоењето на загрепската а, во последно време и на белградската геополитичка школа.

2. Со изградбата на Панамскиот Канал, САД на широк фронт избија и на источните граници на Евроазија. Во нивните планови, уште тогаш, сè почнало со реализацијата на планот за контрола на планетава, при што просторите на Франција, Италија, Египет, Индија и Кореја биле користени како мостобрани за продор кон срцето на Евроазискиот комплекс (H. J. Mackinder: *The Geographical Pivot of Histori*, Royjal Geographical Society, London 1904; Dokumenti i prilozi, Li.)

3. Макиндер (1861–1947), водечки британски политичар. Бил директор на London Schol of Economics and Political Science, а предавал и географија на универзитетот во Лондон. Важно е да се истакне дека, како геополитичар, оставил неизбежни траги за глобалната геостратегија и за меѓународните политички односи во своето време. Неговата статија од 1904 ѓодина „Географски стожер на историјата“ и книгата под наслов „Демократски идеали и реалност“, напишана во 1918 година, станале еден од темелите на класичната глобална стратегија.

4. Хаусховер (1887–1945), германски генерал, топограф, географ и идеолог. Работел во штабовите на генерал Молтке, Шлифен и како советник на Рудолф Хес и Херман Геринг, се смета за основоположник на германската геополитичка школа и на теоријата на „животен простор“ и на виталните национални интереси. Основата на неговата геополитичка теорија ја прави идејата за просторната поврзаност на Германија – Русија(СССР) – Јапонија. Хаусховер напишал голем број дела на тема геополитички идеи и теории, а многу од нив им послужиле како учебници на нацистичките водачи. Севкупниот научен опус на Хусховер, по Втората светка војна, тајно е пренесен во САД и истиот е темелно и долго проучуван, а низ некои идеи, политички настапи и доктринарни поставки на САД, од создавањето на НАТО (1949), може да се види дека правилата на Хаусховеровата геополитика многу се почитуваат и денес во САД.

5. Во т.н. светски остров, Макиндер ги вбројува Европа, Азија и Африка.

6. George F. KENNAN: *THE NUCLEAR DELUSION*, Panhteon Z. Book, NEU JORK, стр. 219–220. Авторот е дипломат, специјализиран за бившиот СССР (Русија). Бил министер-советник во 1944 година и амбасадор на САД во Москва. Во периодот 1961–1963 година, бил амбасадор на САД во Белград.

7. Pierre Marie Gallos: *Geopolitique*, Plon, Paris 1990, стр. 262.

8. Судирот со низок интензитет е доктрина која подразбира политичко-воена борба со ограничени размери заради остварување политички, социјални, економски и психолошки цели. Тој судир е често долготраен и има различни форми. Се појавува преку дипломатски, економски и психолошки притисоци, па сè до употребата на тероризам и бунтовнишво (пошироко види во Борбениот прирачник на КоВ на САД за судир со низок интензитет, Департмент на КоВ на САД, 1981 год.)

9. Од промените кои го поставија политичкиот поредок и системот на европската и на светската безбедност на нови основи, посебно треба да се апострофираат следните: распаѓањето на реалсоцијализмот во Источна Европа и неговиот безбедносен систем (Варшавскиот договор) и секако дезинтеграцијата на СССР како голема држава и суперсила, што предизвика сериозни потреси во европскиот политички и безбедносен поредок.

10. За САД, регионални доверители во геополитичкото прекројување на светот, во делот на Блискиот Исток, се Израел и Турција. Дека е тоа така кажува интрвјуто на З. Бжежински, дадено за белградскиот весник „Наша борба", каде тој меѓу другото вели: „јакнењето на турско-израелските врски ја создава централната стратешка врска во источниот Медитеран, што претставува наш заеднички геополитички интерес. (Пренесено во „Македонија денес", од 23 и 24 мај 1998 година)

11. За стртегиското значење на Косово и Метохија особено е илустративна изјавата на началникот на австрискиот Генералштаб генерал Бек (1895), каде тој вели дека „Косово и Метохија, а не Цариград, е стратегискиот клуч на Балканот и дека оној кој ќе обезбеди доминација над тие територии, си обезбедил превласт на Балканот. Бек додал дека тој простор мора да биде во интересна сфера на монархијата, дури и по цена на една голема војна". Оваа точна геополитичка процена на генералот Бек Американците ја материјализираа на крајот од XX век. (За геополитичкото и за геостратегиското значење на Косово и Метохија види пошироко кај: Д. Вилиħ и Б. Тодоровиħ, „Тероризмом у нови светски поредак", Графомак, Београд, 1999 год. стр. 22–27)

12. „Wachinton Posst", Танјугов дневен билтен бр. 43, март 1992 година.

13. За остварувањето на американскиот неохегемонизам и за наметнувањето на американскиот начин на живот на целиот свет, преку ширењето на медиумите и одредувањето на вредностите на масовната, глобалната култура, види пошироко кај Игнацио Рамоне, „Геополитика хаоса", Графолик, Београд, 1998. стр. 48–50.

14. Од интервјуто на З. Бжежински, по повод неговата книга „Големата шаховска табла – Америка и останатиот свет" даден за парискиот

весник „Observateur“, а пренесено во „Македонија Денес“ од 21 и 22. 02. 1998 година.

15. Во американската аналитичка веб-страница „Стратвор“ се вели дека „Префрлањето на американските воени бази од Западна Европа и прераспоредувањето кон Исток – поточно, да бидат префрлени во Полска, Романија и Бугарија, иако од страна на Американците се наведува дека целта им е да ги постават своите бази поблиску до зоните кои се важни за борбата против тероризмот, а тоа се Северна Африка, Блискиот Исток, јужна и југоисточна Азија, сепак, вистинската цел е спречување на враќањето на влијанието на Русија во регионот и контрола на руските геополитички амбиции во овој, за Американците важен геополитички и геостратегиски и со енергија богат регион“. („Македонија денес“, од 21.04.2004 година).

16. Предлогот на Хусамедин Халили, со новата територијална организација на земјата, Куманово да се подели на два дела, источен, претежно македонски, и западен, претежно албански кој би се припоил кон Општината Липково, геополитички е интониран од идејата за голема Албанија и во себе содржи елементи на поделба на градот Куманово, точно по етничка линија што, понатаму, секако, би водело кон етничко иселување на неалбанското, македонското население од тие делови на Куманово што, понатаму, ако се има предвид новиот Закон за територијална организација, направен по етничка линија, би се рефлектирало и на глобален план на целата територија на Република Македонија и би довело до нејзина кантонизација, конфедерализација или федерализација. („Македонија денес“, од 06.02.2004 година).

17. Дека демографската експлозија во некои средини, како што е Косово и Метохија, западниот дел на нашата држава, Чеченија и некои други средини ги попримаат сите белези на агресија и на освојувачки војни за контрола на просторот, укажува и најпознатиот социолог и футоролог на Русија академик Игор Бестужев Лада (види пошироко во Интервјуто дадено во весникот „Дневник“, од 03. 03. 2003 година).

Trajan PANEV

# GEOPOLITICS – FOUNDATION FOR UNDERSTANDING THE POLITICAL AND STRATEGIC RELATIONS IN THE MODERN WORLD

## Resume

*The core changes and political movements that occurred in Eastern Europe after 1989 have caused a new geopolitical and geostrategic decomposition in Europe and the World and have objectively contributed that the main actors and factors of the relations in the World to start thinking of controlling the World and the relations within it. In this context, analyzing the geopolitical and geostrategic observations, projections and the Americans behaviour in the World, gets us to conclusion that the control of the World, through the control of the geopolitical nucleuses, is accomplished with a basic reason of controlling the natural resources by US and few other world leading forces. The core is significant mutual economic and political interest whether the question is securing the necessary quantities of substances and energy that are life-meaning (oil, gas, water), control of the important geopolitical regions through which they can control the world by controlling the main transport arteries, conquering new markets, efficient extortion of debts, punishment of inobedient small - weak countries, and all of this in accomplishing the process of globalization – process and force that shapes the modern world and the relations within it.*

***Keywords:*** *POLITICAL GEOGRAPHY, GEOPOLITICS, GEOPOLITICAL SYNERGIES AND REGIONS, NEOHEGEMONISM, POLITICAL DOMINANCE, TOPONOMASTICS, MISUSE.*